РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1195/4
26-07-2024

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1195/1 од 21.03.2024 година, оформен по доставена пријава против против ---------- ---------, вд директор на -- ------------- ------- -- --------- ------- --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1195/1 од 21.03.2024 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 21.03.2024 година, поднесена е пријава за ---------- ---------, вд директор на -- ------------- ------- -- --------- ------- --------, и оформен е предмет број 12-1195/1 од 21.03.2024 година.

Во пријавата се изнесени наводи кои упатуваат на сомнение за можна злоупотреба на службената положба на актуелниот вд директор на предметната установа, во постапка за вработување по јавен оглас на двајца извршители, објавен на 30.01.2024 година.

Заради утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата побара Државниот инспекторат за труд да постапи во рамките на своите законски надлежности и да спроведе вонреден надзор над предметната установа по однос наводите во предметната пријава, со конкретен осврт на законитоста на јавно објвениот оглас.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Воедно, Државната комисија побара да се извести за извршениот надзор, со достава на извештајот/записникот од истиот и со информација за евентуално преземените мерки и дејствија од Нивна надлежност.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Државниот инспекторат презел дејствија согласно членот 17. Став 2 од Законот за управна инспекција, при што на 11.06 2024 година извршил вондреден инспекцискии надзор над -- ---- -- ----- за испитување на законитопста на постапката за вработување по јавно објавен оглас на двајца извршители објавен на 30.01.2024 година, и притоа составил записник ИП1.БР.09-50 од 11.06.2024 година, при што констатирал дека станува збор за јавен оглас со број 04-57/5 од 29.01.2024 година, за вработување на двајца извршители во -- ---- ------- објавен на 30.01.2024 година. Дополнително од страна на инспекторот утврдено е дека јавниот оглас во преднетната установа, поради донесеното решението за распиушување на избори за избор на Претседател на РСМ со број 09-1168/1 од 14.02.2024, бил ставен во мирување.
Воедно во врска предметниот оглас од страна на вд директорот донесена е одлука број 04-57/40 со која јавниот оглас број 04-57/5 од 29.01.2024 година за вработување на двајца извршители на неопределено време е поништен.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за конкретниот случај постапил друг надлежен орган кој со утврдената фактичка состојба не констатирал повреда на закон, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk